ЕВРОПСКИ СЕРТИФИКАТ ЗА БИЗНИС КОМПЕТЕНЦИИ

# Лига на шампиони 2010 година

**Што е EBC*L?**

**European Business Competence* Licence (EBC*L)** е етаблирана европска и меѓународна квалификација која докажува дека лицето кое го поседува сертификатот има основно знаење кое е потребно да започне или да води бизнис, да менаџира или да води одделение во средна односно голема компанија. EBC*L сертификатот е доказ кој демонстрира бизнис компетенции.
Советот за бизнис компетенции во Европа (Council for Business Competence in Europe) составен од професори и претставници од бизнис заедницата се грижи за содржината на испитот и за тоа да има основно економско знаење кое е неопходно во денешниот економски, административен, па дури и во секојдневниот живот.

Цели на учење:

- Како да се разберат и читаат финансиски извештаи, а да не сме сметководители?
- Како да се мерат бизнис перформансите?
- Како да се одреди цената за да бидете профитабилни?
- Како да се научат основите на трговското право потребни за бизнисот?

Сертификатот може да се полага во преку 30 земји низ цел свет, меѓу кои од 2007 година и во Република Македонија.

**Зошто EBC*L?**

**Повраток на инвестициите во образованието**

- ✓ **Меѓународно признат сертификат**
- ✓ **Подобри перспективи за вработување и основање на свој бизнис**
- ✓ **Поголема сигурност за организациите во кои работниците имаат потреба за подобрување на своето менаџерско знаење, делување и размислување**
- ✓ **Подобри перспективи на работење на сопствениците на организациите**
- ✓ **Успехот во учењето може да се надгледува и споредува**

Проектот "EBC*L Лига на Шампиони 2010" е финансиски поддржан од Европската Заедница.

Целосна одговорност за овој документ има авторот и Европската Комисија не е одговорна за било каква употреба што може да се направи со информациите кои документот ги содржи.

**Како изгледа испитот, односно како се добива сертификатот?**

Испитот може да се полага исклучиво во акредитирани испитни центри во Македонија.

- Отворени прашања, примери и бизнис Case Study
- Степен А: писмен испит, 2 часа, без материјали
- Запечатени испитни прашања
- Обучени испитувачи
- Оценување на прашањата



Сертификатот се издава од *International Centre of EBC*L* во Виена на англиски јазик.
Подготовката за испитот се врши исклучиво во акредитираните образовни центри. Во акредитираните центри обуката за подготовка ја реализираат сертифицирани тренери со положен испит за EBC*L тренер кои се придржуваат до стандардите за квалитет.

**Лига на Шамшиони 2010 година**

Најголем натпревар за бизнис компетенции во Европа. Покрај Македонија право на учествуво имаат најдобрите и од уште други 32 земји учесници.
Четврта година по ред се одржува овој натпревар во кој учество имаат право да земат најдобрите од три категории:

- Ученици (од основно или средно училиште)
- Студенти и
- Млади претприемачи (до 30 години)

Целиот натпревар е поделен во два дела:

- Национален натпревар и
- Интернационален натпревар

**Камп на англиски јазик**

**Подготовка**
- селекција на учесници за националниот натпревар

**Национален натпревар**
- на македонски јазик

**Интернационален натпревар**
- на англиски јазик
- 9 најдобри кандидати од националниот натпревар

Проектот "EBC*L Лига на Шампиони 2010" е финансиски поддржан од Европската Заедница.

Целосна одговорност за овој документ има авторот и Европската Комисија не е одговорна за било каква употреба што може да се направи со информациите кои документот ги содржи.

**Националниот натпревар** ќе се одржи во Скопје, Македонија во ноември, 2010 година. Право на учество имаат сите лица кои се дел од претходно спомenатите три категории и кои го имаат положено степен А.
Натпреварот ќе се состои од работа на студија на случај и истиот ќе биде на македонски или албански јазик.
Првите три места од секоја категорија одделно покрај право на учество на интернационалниот натпревар, **каде сите трошоци ќе им бидат покриени**, ќе добијат и други вредни награди.
**Интернационалниот натпревар** ќе се одржи во Виена, Австрија во јануари 2011 година. Право на учество имаат првите три места од сите три категории. Натпреварот ќе се состои од работа на студија на случај на англиски јазик. На овој натпревар ќе учествуваат претставници од сите 32 земји. Најдобрите ќе добијат вредни награди.

## Победници од претходни години

2007 година победници на натпреварот беа учесниците од Австрија и Унгарија.



Проектот "EBC*L Лига на Шампиони 2010" е финансиски поддржан од Европската Заедница.

Целосна одговорност за овој документ има авторот и Европската Комисија не е одговорна за било каква употреба што може да се направи со информациите кои документот ги содржи.

2008 година победници на интернационалниот натпревар беа учесниците од Полска.







**2010 година?**



Подетални информации и критериуми за учество може да добиете во:

**Националното претставништво Македонија**
Иво Рибар Лола 59-1/2
1000 Скопје
Тел/факс 02 32 90 544 ; 02 32 90 540
www.ebcl.com.mk
office@ebcl.com.mk



Проектот “EBC*L Лига на Шампиони 2010” е финансиски поддржан од Европската Заедница.

Целосна одговорност за овој документ има авторот и Европската Комисија не е одговорна за било каква употреба што може да се направи со информациите кои документот ги содржи.